# Месечник Македонија – ЕУ

бр. 1

Октомври, 2012 година



# Месечник Македонија – ЕУ

Бр. 1

# Содржина


Резиме 2

Четвртата, “различна” препорака 3

Соседите на патот кон ЕУ 6

Грчкиот меморандум... 6

... и новите бугарски услови 7

Сите за почеток на преговори, но... 8

Извештајот во Собранието 8

Пристапниот дијалог: тест за внатрешниот дијалог 8

Економија: меѓународно рангирање, домашни проблеми 11

Хармонизацијата продолжува, но како? 12

... Враќање на визите? 13


*Ова е првиот број на Месечникот Македонија – ЕУ.*
*Во изданието, на месечно ниво, ќе даваме преглед на настаните поврзани со пристапниот процес на Република Македонија во ЕУ.*
*Ги изнесуваме нашите согледувања за настаните релевантни за критериумите за членство - Копенхашките и оние што произлегуваат од ПСА, врз основа на контекстуална анализа.*

www.epi.org.mk

# Резиме

Европската комисија во овогодишниот Пакет за проширување ја објави четвртата, "различна" препорака за почеток на преговорите за членство на Република Македонија во ЕУ.  Ова во голема мера беше резултат на ангажманот на комесарот за пшрирување г. Штефан Филе на неколку фронтови: зајакнување на македонското „успешно портфолио" преку Пристапниот дијалог на високо ниво; ангажман со македонските и грчките официјални претставници за преземање позитивни чекори за решавање на спорот со името, како и политички поттик на Советот за донесување одлука за надминување на ќорсокакот на ЕУ агендата на Македонија.

Владата и Комисијата хармонизирано го претставија Извештајот, спротивно на ланската година. И Собранието, во своите заклучоци, го поздрави новиот ангажман на Комисијата.  Реакцијата на Владата за предложениот Меморандум за соработка од Република Грција беше во голема мера воздржана, но дипломатски позитивна. Слична беше и официјалната реакција на пораките упатени од официјална Софија дека поддршката на Македонија во процесот на пристапување не е "безусловна."

Изразувајќи подготвеност да изготви Рамка за преговори, која ќе го вклучува и прашањето на името, Комисијата предложи модифицирано црногорско сценарио – постепено отворање на преговорите и паралелни напори за решавање на спорот со Грција. Најлошото сценарио би било да не се донесе никаква одлука на Советот, додека најпосакуваното би било безусловен почеток на преговорите за членство. Бидејќи второво сценарио  е нереално, второто најдобро, а сепак реално решение би било Европскиот совет да ја повика Комисијата да подготви Рамка за преговори, да го отвори скринингот, а напредокот на самиот процес би зависел од напредокот на преговорите со Грција. Од огромно значење е да се оствари напредок во европската агенда на Македонија, бидејќи недонесувањето никаква одлука го компромитира кредибилитетот на процесот на проширување, како и Копенхашките критериуми. Истовремено, ваквата ситуација штетно ќе се одрази врз внатрешната кохезија и демократските реформи.

И покрај атмосферата создадена со објавувањето на Извештајот на ЕК, кој Владата го прогласи за "досега најпозитивен", реализацијата на агендата од Пристапниот дијалог продолжи со контраверзна дискусија во

Собранието за законите кои произлегуваат од процесот, особено Изборниот законик и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Внатрешниот дијалог не беше на нивото на билатералниот дијалог меѓу Владата и Комисијата. Продолжија контроверзите во Собранието околу Предлогот на законот за бранителите, кој доведе до поделба во владината коалиција. Иако има тенденција ваквите потези да се толкуваат како метод на владините партери за освојување гласови врз етничка основа, тие имаат значително пошироко влијание - натамошна поделба на општеството по етнички линии.

Македонија беше солидно рангирана во Извештајот на Светската банка *Doing Business* - на 23-то место. Сепак, се зголемува загриженоста за зголемувањето на јавниот долг, особено во отсуство на одржлива стратегија за јавен долг, што беше и една од главните критики во Извештајот на ЕК во делот на економски критериуми.

Заканата за суспензија на визната либерализација од страна на неколку земји членки на ЕУ претставува големо обесхрабрување за македонските граѓани, и покрај тоа што постои свест за високиот број неосновани барања за азил од страна на македонски граѓани. Владата спроведе построги мерки, но особено мерките на граничните премини го потенцираат ризикот од етничко профилирање на Ромите. Суспензијата на визниот режим би имала негативно влијание на севкупниот пристапен процес на Македонија. Затоа се препорачуваат заеднички краткорочни и среднорочни мерки на Македонија и земјите членки со најголем број поднесени апликации за азил.

## Четвртата, “различна” препорака

Четвртата препорака за почеток на пристапните преговори за Република Македонија беше спакувана во различно руво во овогодинешниот Пакет за проширување. Покрај препораките за почеток на преговорите, Комисијата презеде дополнителен чекор - повика на политички ангажман на земјите членки за да се најде излез од постојниот ќорсокак за Македонија. Истовремено, таа го зајакна македонското портфолио со предлог за изработка на Рамка за преговори, која ќе го вклучува и

*Главни настани*
Стратегија за проширувањето и извештаи за напредокот 2012

прашањето со името, кое би требало да се реши во "рана фаза на преговорите."[1]

Ова беше резултат на ангажманот на комесарот за проширување Филе на три фронта: подлабок дијалог со македонските власти за реформските процеси (во рамки на Пристапниот дијалог на високо ниво), дипломатски активности со македонските и грчките власти за создавање на "нов момент" во преговорите за името и политички ангажан со земјите членки на ЕУ за создавање критична маса за пробив во Советот. Различното „пакување" на овогодишниот Извештај на ЕК придонесе за дијаметрално спротивна реакција во Македонија во споредба со лани.[2] Владата не ја пропушти можноста да го оквалификува извештајот како "најдобар досега" и да го поздрави враќањето на придавката "македонски". Опозицијата укажа на критиките во извештајот, но истовремено повика на почеток на преговорите за членство, гледајќи ги како можност за поголемо влијание врз реформите во земјата. Граѓанскиот сектор, исто така, ја поздрави препораката на Комисијата како "прозорец на можност" и ја повика Владата сериозно да пристапи кон Извештајот и дополнително да ги развива дијалогот со НВО секторот.

Во секој случај, новиот активизам на Комисијата е добредојден бидејќи ситуацијата на *status quo* е неприфатлива.[3] Од огромна важност е да се придвижи македонската европска агенда, зашто застојот во процесот на пристапување го компромитира кредибилитетот на самиот процес и Копенхашките критериуми и има многу негативно влијание врз внатрешната кохезија и демократските реформи.

Внатрешната дебата беше концентрирана на две прашања: што значи „рана фаза на преговорите" и реалните изгледи на предлогот на Комисијата на декемврискиот самит. Додека неколку медиуми избрзаа да ја глорифицираат ситуацијата и да прогласат победа на македонската дипломатија, гледајќи зголемен притисок врз Грција, сепак преовладуваа претпазливите ставови. Очигледно, Европската комисија има за цел да изнајде решение со кое Грција не би ја блокирала Македонија во Советот, но истовремено би претставувало доволен стимул за македонските

---

[1] http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/mk_conclusions_2012_en.pdf

[2] Владата практично ги отфрли забелешките во ланскиот Извештај на Комисијата за напредокот на земјата, осврнувајќи се на критиките како "пренагласени" и притисок врз Македонија за решавање на спорот со името. За оваа реакција придонесе и неупотребата на придавката "македонски/а" што во суштина беше интерпретирано како заземање на прогрчка позиција од страна на Комисијата.

[3] Коментар на ЕПИ по повод објавување на Извештајот за напредокот на РМ за 2011 http://epi.org.mk/docs/epi_komentar_izveshtaj__2011_2.pdf

власти. Овој концепт е прилично тешко да се реализира, бидејќи ставот на Грција налага прво решавање на спорот со името пред да се преземат какви и да е натамошни чекори во пристапната агенда на Македонија. Од друга страна, македонскиот став е насочен кон почеток на преговорите и решавање на спорот во нивниот тек, а се повикува на минатогодишната пресуда на Меѓународниот суд за правдата. Според пресудата, Грција не треба да ги попречува интегративните процеси на Македонија во меѓународни организации под привремената референца "поранешна југословенска Република Македонија".

Пристапот на Комисијата, барем процедурално, се заснова врз црногорскиот пример. Во овој случај, скринингот започна, Советот ја покани Комисијата да подготви Рамка за преговори, но официјалниот старт на преговорите беше одложен за јуни и условен со извештајот на Комисијата за напредокот во областа "владеење на правото." Во македонскиот случај, проблемот е како да се вгради прашањето на името во пристапната постапка. Со искажувањето подготвеност да подготви Рамка за преговори (вклучувајќи го и прашањето на името), Комисијата притиска за постепено отворање на преговорите како стимул за паралелно решавање на проблемот со Грција. Перспективата на ова сценарио е сѐ уште нејасна, во отсуство на официјални позиции на земјите членки за ова прашање. Најлошото сценарио би било Советот да не донесе никаква одлука, додека најпосакуваното би било безусловен почеток на преговорите за членство. Бидејќи второво сценарио е нереално, второто најдобро решение, а сепак реално, би било Европскиот совет да ја повика Комисијата да подготви Рамка за преговори, а да го услови напредокот со напредокот за преговорите за името. Покрај тоа, во игра е и "морковот" почеток на скрининг, додека завршувањето на скринингот може да значи крај на "раната фаза на преговорите", наведена во предлогот.

За внатрешниот разој на настаните, вистинскиот проблем е тоа што спорот со името продолжува да доминира врз пристапниот процес и да ја моделира политичката рамка, ставајќи го на втор план исполнувањето на Копенхашките критериуми. Политичките аспекти од Копенхашките критериуми се на преден план во исполнувањето на целите од Пристапниот дијалог на високо ниво. Другите инструменти кои вршат трансфер на ЕУ норми во националниот правен систем ја имаат изгубено својата видливост во процесот[4]. Разрешување на проблемот со името би можел да го ресетира македонскиот пристапен процес на "нормален пат." Пристапниот ќорсокак трае предолго, а целиот процес се поврзува со

[4] Секретаријатот за европски прашања последниот Извештај за реализација на НПАА, кој се однесува на првиот квартал од годината го има доставено во мај 2012 година.

напредок во активности од политичките критериуми за членство кои постојано се „рециклираат". Во овие рамки, многу е важно што побрзо да започне скрининг, којшто може да придонесе за реални промени на институционално ниво.

# Соседите на патот кон ЕУ

I.3.Регионални прашања и меѓународни обврски

## Грчкиот меморандум...

По ангажманот на комесарот за проширување Филе во дијалог со грчката и македонската влада, непосредно пред објавувањето на Извештајот за напредокот на РМ за 2012 година, официјална Атина предложи Меморандум за соработка.[5] Грчкото министерство за надворешни работи го објави Меморандумот истовремено со неговото доставување до македонската страна, што сведочи за намерата јавно да се покаже активизам „во нов дух", што, пак, очигледно надвладува над дипломатскиот карактер на предлогот.

Меморандумот, иако со конструктивен тон, во основа ги повторува грчките ставови за проблемот со името, нашироко осврнувајќи се на принципите на територијален интегритет и непроменливост на границите. Документот ги повторува грчките "црвени линии" – географска одредница и употреба на името *erga omnes*.[6] Македонската реакција на Меморандумот беше дипломатски позитивна, но воздржана. Министерот за надворешни работи г. Никола Попоски во својот „Дипломатски дневник" ја поздрави иницијативата, но истовремено ја даде и рамката на македонскиот одговор. Тој се повика на принципот на "владеење на правото" и "претходно преземени обврски," алудирајќи на пресудата од Меѓународниот суд за правдата како платформа за решавање на спорот со името.[7]

Во јавноста преовладуваа позитивни реакции, но истовремено со право беше искажана загриженост дека прифаќањето на Меморандумот би ги довело во прашање претходните билатерални договори - Времената

[5] http://www.mfa.gr/en/current-affairs/news-announcements/foreign-ministry-announcement-regarding-letter-from-foreign-minister-avramopoulos-to-fyrom-foreign-minister-poposki.html

[6] "решение кое ќе содржи согласност за фактот дека каков и да е предлог треба да содржи јасна и дефинитивна одредница за името, која нема да остави никакви нејаснотии во поглед на разликата меѓу територијата на поранешната југословенска Република Македонија и регионите во соседните земји, особено регионот на Македонија во северна Грција, и дека тоа име за кое ќе се постигне согласност ќе го користат сите *erga omnes* и за сите цели"

[7] http://www.mfa.gov.mk/?q=diplomatski-dnevnik&language=en-gb

спогодба од 1995 година. Сепак, македонските политички лидери ја пропуштија приликата по овој повод да демонстрираат национален консензус за прашањето на името. Владата не даде таква иницијатива, додека опозицискиот СДСМ, изненадувачки, излезе со став дека треба да се отфрли предложениот грчки меморандум. Оттаму, очигледно е дека двете партии и понатаму ќе го експлоатираат прашањето за добивање на политички поени на внатрешен план.

## … и новите бугарски услови

Како што се загреваше дебатата за перспективата на пристапниот процес на Македонија, бугарските официјални претставници постепено ја артикулираа нивната загриженост за развојот на билатералните односи во "услови за поддршка." Ова го поттикна комесарот Филе да ја посети Софија на 30 октомври за да спречи нова блокада на предлогот на Комисијата и да поттикне поконструктивна улога, која "ќе се оттргне од минатото". Министерот за надворешни работи на Бугарија г. Младенов предложи подготовка на план до крајот на 2012 година.[8] Бугарската позиција сè уште не е преточена во посебни барања, но се напоменуваат повеќе прашања: "пропаганда во македонските медиуми", "третман на бугарски граѓани во Македонија", "заедничко славење на национални празници и историја", итн. Зачестените бугарски реакции се совпаднаа со славењето на српската победа во Првата светска војна (100 годишнина од битката на Зебрњак) во Македонија, во присуство на српскиот претседател и премиер. Оваа прослава, иако без присуство на македонски претставници на највисоко ниво, предизвика контраверзни реакции и во Македонија, зашто за многумина овој настан означува придонес кон поделбата на Македонија за време на Балканските војни. За возврат, српскиот претседател ја потенцираше можноста српската црква да го разгледа признавањето на автокефалноста на македонската црква.

Се чини дека колку повеќе официјалните претставници на соседните земји (секако вклучувајќи ги македонските) декларираат ориентација кон иднината, толку повеќе се преокупираат со минатото. Со сегашната динамика и содржина, европската агенда има ограничен потенцијал да влијае на некаква промена на овие тенденции. Добивањето гласови на следните избори преку националистичка реторика е многу поисплатливо за политичките чинители. Од друга страна, крајно се ограничени иницијативите и проектите кои би поддржале заедничка акција и пошироко граѓанско дејствување во регионот за создавање заедничка европска иднина.

---

[8] http://www.mfa.bg/en/events/6/1/506/index.html; http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-12-825_en.htm?locale=en

# Сите за почеток на преговори, но...

## Извештајот во Собранието

I.1.1. Демократија и владеење на правото: Парламент

Традиционалната дебата во Собранието за Извештајот за напредокот се одржа во неколку комисии, завршувајќи со пленарна седница. Таа беше повод позицијата да ги повтори своите достигнувања и оценката за "најпозитивен извештај", додека опозицијата, очекувано, се фокусираше на критичните точки. Собранието консензуално ги усвои заклучоците што ги предложи Националниот совет за евроинтеграции.9 Пратениците ја поздравија четвртата препорака и новиот ангажман на Комисијата, вклучувајќи ја и "подготвеноста да предложи преговарачката рамка земајќи ја во предвид потребата за решавање на прашањето за името во рана фаза на преговорите".10  Документот, исто така, ги признава достигнувањата на Пристапниот дијалог на високо ниво и ја повикува Владата итно да подготви план за спроведување на препораките од Извештајот. Заклучоците повикуваат за мобилизација и вклучување на целото општество, „пред пристапните преговори".[11] Позитивно е што Собранието редовно има сеопфатна дебата за Извештајот и успева да постигне консензус за заклучоците. Меѓутоа, би било пожелно да ги спроведе своите декларации најпрвин во својата практика, на пример - онаа за инклузивноста.

## Пристапниот дијалог: тест за внатрешниот дијалог

I.1.1. Парламент

Позитивниот исход на овогодинешниот извештај за Македонија во голема мера е резултат на постигнувањата на Пристапниот дијалог.[12] Сепак, исполнувањето на поголемиот дел од целите е сè уште во тек. Од друга страна, прилично контроверзната дебата за клучните закони од Пристапниот дијалог укажува дека нивото на внатрешниот дијалог не коинцидира со задоволството изразено за дијалогот Влада-Европската комисија.

[9] На заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања учествуваа и претставници на граѓански организации.
[10] http://www.sobranie.mk/ext/materialdetails.aspx?Id=0f01096d-221c-4cd5-9bbe-51866a942134
[11] Ibid.
[12] Во Стратегијата за проширување, Комисијата истакна дека Пристапниот дијалог „служи како катализатор за забрзување на реформите и придонел за значителен напредок во бројни клучни области" (European Commission, Brussels, 10.10.2012 COM(2012) 600, Communication from the Commission to the European Parliament and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013, {SWD(2012) 331}{SWD(2012) 332}, {SWD(2012) 333}, {SWD(2012) 334}, {SWD(2012) 335}, {SWD(2012) 336} {SWD(2012) 337}, p. 13).

Дебатата за измените и дополнувањата на Изборниот законик продолжи во Парламентот. Климата не обезбедува оптимизам за постигнување суштествен политички консензус за изборните правила, кои ќе гарантираат довербата за исходот на изборите. Додека Владата вели дека во законот се имплементирани препораките на ОБСЕ/ОДИХР, опозицијата го тврди спротивното. Главните прашања на несогласување меѓу позицијата и опозицијата се однесуваат на одвојувањето на државата и партијата и гласањето на дијаспората. Опозицијата тврди дека недостасуваат законски гаранции дека партијата на власт нема да ја злоупотребува позицијата во изборите, а недостигаат и ефикасни санкции. Не е постигната согласност ниту за предлогот да се постави праг - минимален број на гласови со кои еден кандидат може да биде избран, за да се елиминира диспропорцијата на гласовите потребни за избор на пратеник.[13]

*I.2.2. Граѓански и политички права (слобода на изразување)*
*III. 23. Правосудство и фундаментални права*

Парламентарната дебата за Законот за декриминализација на клеветата (Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета) - една од клучните точки на Пристапниот дијалог - е крајно контроверзна. Иако Здружението на новинарите на Македонија и Владата претходно постигнаа договор за содржината на Законот, Синдикатот на новинари и неколку невладини организации (на кои се придружи ЗНМ) се заложија за амандмани главно на одредбите за судските привремени мерки и можноста за забранување интернет сајтови без судски налог. Владата тврди дека експертите од Советот на Европа веќе дале позитивно мислење по нацртот и дека мерките се слични со практиките во земји членки на ЕУ. Постапката за Законот јасно покажа дека е потребен поинклузивен внатрешен дијалог за „одредниците“ од Европската агенда.

Советот за радиодифузија ги заврши процедурите за судир на интереси во сопственоста на медиумите во согласност со претходно утврдениот рок од Патоказот за Пристапниот дијалог (30 септември). Ја одобри промената на сопственоста на Канал 5 телевизија[14], и го реши случајот на Сител телевизија[15]. Исто така, го реши случајот на Канал 77[16], по надминувањето на нејаснотиите за примената на правилата. Фактот што Советот дозволи дополнително време за постигнување усогласеност со целите од Пристапниот дијалог, кога законот требаше да се применува без одлагање, укажува на селективен пристап кон медиумите, кои нашироко се сметаат за наклонети на Владата. Некои новинари изразија сомневање

[13] Во последните избори кандидатите од дијаспората беа избрани со 548 до 1578 гласови, споредено со изборните единици во земјата каде на пратениците им требаа десетици илјади гласови.
[14] Претходниот сопственик на телевизијата беше син на пратеник од позицијата.
[15] Пратеникот од позицијата Иванов се откажа од пратеничкото место, додека неговиот син остана сопственик на телевизијата.
[16] Сестрата на поранешниот сопственик е пратеник од опозицијата.

дали овие "формални чекори" суштински ќе придонесат за намалување на несоодветно политичко влијание врз медиумите. Иако овој чекор треба да се признае како достигнување, сега е потребно "медиумската агенда" во дијалогот помеѓу Комисијата и Владата да се надгради и да се поставaат поамбициозни цели, особено во однос на владиното рекламирање во медиумите, позицијата на Јавниот радиодифузен сервис, медиумските стандарди и работничките права на новинарите. Улогата на Јавниот радиодифузен сервис и медиумските стандарди повторно беа во центарот на вниманието во октомври, кога Советот за радиодифузија не согледа никаква одговорност од страна на јавниот радиодифузен сервис МТВ за објавена вест за наводната смрт на грчки државјанин од македонско етничко потекло во Солун, која се покажа како неточна.

Во корупцискиот случај „Метастаза“ за поткупување на службеници за доделување инвалидски пензии Кривичниот суд - Скопје осуди 12 обвинети со ефективна казна затвор, додека за 26 беше изречена условна казна. Покрај тоа, од двајцата судени поранешни директори на Фондот за здравство - еден е прогласен невин, а на другиот му беше изречена условна казна. Со оглед на тоа да сите овие „високо-профилни“ случаи беа проследени со спектакуларни апсења и публицитет, се зголемува загриженоста за оправданоста на апсењата, односно за квалитетот на доказите.

*I.1.4. Антикорупциска политика*
*III. 23. Правосудство и фундаментални права*

Сепак, законите од Пристапниот дијалог не се оние што се во центарот на вниманието на пратениците. Тоа е Законот за бранителите предложен од страна на владејачката ВМРО - ДПМНЕ, без согласност на нејзиниот коалициски партнер ДУИ. Законот следеше како одговор на официјалното оддавање почит на жртвите на ОНА од 2001 година на споменикот во Склупчане од страна на министерот за одбрана г-дин Бесими (ДУИ), кое, според тврдењата на нејзиниот коалициски партнер, не било договорено. За возврат, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ поднесоа Предлог на закон за бранителите, без решавање на статусот на поранешните припадници на ОНА, како што се бараше од страна на ДУИ. Пратениците на ДУИ започнаа со опструкција и одолговлекување - илјадници амандмани, читање поезија и проза... На ваквите постапки на владините коалициони партнери нашироко се гледа како на политички потези за задржување на поддршката од гласачите на етничка основа, што доведува до понатамошни поделби во општеството по етничка линија. Меѓутоа, тие укажуваат и на сериозна фрагментација на институциите по политички и етнички линии. Сепак, во почетокот на октомври пратениците од владеачката коалиција без проблем ја отфрлија интерпелацијата на Владата поднесена од страна на опозицијата, која во голема мера се потпираше на поделбите токму во владината коалиција. Потенцијалот за манипулација со јавноста врз основа на национализам може да изгледа

*I.1.1. Парламент;*
*I.1.2. Влада*

неограничен, но ризикот од меѓуетнички тензии се зголемува и, општо земено, се потценува.

Продолжија меѓуетничките инциденти наречени "автобуски напади" - тепачки меѓу групи млади Албанци и Македонци во автобуси, а најмасовната се случи на 5 октомври во Скопје. Полицијата ги пронајде сторителите и покрена постапка пред Судот. И покрај фактот што полицијата го открива поголемиот дел од учесниците, очигледно е дека општата политичка клима е подложна на меѓуетничките тензии.

*I.1.2. Влада*

*I.2.4. Малцински права и заштита на малцинските и културните права*

Актуелни беа две прашања поврзани со човековите права, што покажува дека спроведувањето на европските стандарди за човекови права континуирано заслужува високо внимание: правата на ЛГБТ популацијата и правата на жените. И двете дебати всушност беа потхранети од владините јавните изјави. Првата беше дека Владата нема да дозволи геј бракови, иако бранителите на човекови права сè уште не артикулирале такво барање – главното барање е за вклучување на сексуалната ориентација во Законот за спречување на дискриминацијата. Вториот беше говорот на премиерот, во кој тој апелираше за поголем наталитет. Организации за човекови права и женските организации со право реагираа на улогата на "машини за раѓање" наметнати на жените во реториката на премиерот.

*I.2.3. економски, социјални и културни права*

*III.23. Правосудство и фундаментални права*

# Економија: меѓународно рангирање, домашни проблеми

Извештајот *Doing Business* на Светската банка ја рангираше Македонија на 23-то место од 183 земји, што го потврдува стабилното подобрување во бизнис климата.[17] Дополнително, „Фич рејтингс“ го потврди стабилниот изглед на долгорочна странска валута и домашна валута со финансиски ризик (Issuer Default Ratings) на "ББ +", краткорочен рејтинг на "Б" и плафонот за земјата на "БББ-". Од друга страна, нивото на јавниот долг станува една од актуелни теми, силно промовирана во јавноста од опозициската СДСМ. Владата тврди дека јавниот долг е 29,8% од БДП и дека е низок во глобални рамки. Експертите се поделени околу острината на проблемот - некои се сомневаат во капацитетот на македонската економија да го отплати долгот, додека други тврдат дека нивото на

*II. Економски критериуми*

[17] http://www.doingbusiness.org/rankings

долгот не претставува голем проблем. Нискиот квалитет на јавните инвестиции и недостатокот на стратегија за справување со јавниот долг се една од најкритичните точки во Извештајот на ЕК во економските критериуми. И нивото на надворешниот и на внатрешниот долг ќе претставуваат голем проблем, ако нема промена во јавната потрошувачка политика, како што се трошоците за проектот "Скопје 2014". Резултатите од испитувањето на јавното мислење покажаа дека јавната поддршка за Проектот "Скопје 2014" се намалува.[18] Додека процентот на оние кои се противат на проектот остана во мнозинство од 57,5%, процентот на оние кои го поддржуваат падна од 39% во 2010 на 26,4% оваа година. 88% од граѓаните од албанско етничко потекло се против.[19] Сепак, Владата продолжува со овој проект - штетен и од политички и од економски аспект.

Стапката на инфлација се зголеми на 5,3% во септември. Народната банка и повеќето експерти се уверени дека оваа стапка не е алармантна. Сепак, продолжија протестите, посебно поради значителното зголемување на цените на електричната енергија. Цените на енергијата се очекуваше да се зголемат во текот на транзицијата, но ова прашање предолго се пролонгираше. Од друга страна, напоредно не се подобри животниот стандард, па зголемувањето на цените на енергијата го погоди поголемиот дел од населението.

## Хармонизацијата продолжува, но како?

*III.27. Животна средина*

Новиот Закон за минерални суровини постигнува висок степен на законодавната усогласеност со Директивата 2006/21/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2006 за управување со отпад од екстрактивните индустрии и за изменување на Директивата 2004/35/ЕС. Сепак, чудно е што Предлогот на законот не предвидува фискални импликации за неговото спроведување и не е придружен со проценка на импликациите (РИА), со оглед на тоа што е јасно дека транспонираните

[18] Бидејќи нема официјални податоци за вредноста на проектот, во јавноста циркулираат суми од околу 500 милиони евра.
[19] Анкетата ја спроведе MNT Brima Galup Intl. во септември оваа година. http://www.time.mk/cluster/f4922d8657/anketa-opagja-poddrskata-za-skopje-2014.html

одредби ќе имаат пошироко влијание и на операторите и на институциите, а секако – и фискални импликации.

Собранието ги ратификуваше билатерални договори за меѓународен патен превоз - со Латвија и Чешка, продолжувајќи го позитивниот тренд во билатерално решавање на овој тип на транспорт со земјите членки на ЕУ. Парламентот, исто така, го ратификуваше билатералниот договор со Луксембург за одбегнување на двојното оданочување и за затајување данок, дополнително подобрувајќи ја билатералната рамка за инвестиции со земјите членки на ЕУ. Покрај тоа, ратификуваниот договор за полициска соработка со Хрватска придонесува за унапредување на регионалната соработка во областа на правдата, слободата и безбедноста.

*III.14. Сообраќајна политика*

*III.16. Оданочување*

*III.24. Правда, слобода и безбедност*

## ... Враќање на визите?

*III.24. Правда, слобода и безбедност*

Неколку земји-членки на ЕУ се заканија со повторно воведување визи за српските и македонските граѓани, поради зголемениот број барателите на азил.[20] Извештаите покажуваат дека најмногу баратели на азил се Роми, чиј главен мотив е надоместот кој се дава на барателите во земји членки на ЕУ и можноста да останат во нив во текот на постапката. Притисокот врз Владата за спречување на азилантите резултира со строги гранични проверки, а во бројни случаи – и со забрана за напуштање на земјата најмногу за Ромите, што јасно укажува на етничко профилирање.[21] 6500 граѓани се вратени од границите во првите девет месеци од годината. Повторното воведување на визите за македонските граѓани би пртетставувало уште еден удар за македонската интеграција во ЕУ. Токму затоа властите и од Европската унија и од Македонија треба да го решаваат проблемот преку соработка, на посеопфатен и долгорочен начин, водејќи сметка за длабоките социо-економски и културни корени на миграциските трендови. Покрај тоа, земјите членки поефикасно може да го спречат приливот, ако финансиски бенефиции и должината на постапката не бидат мотив за барателите на азил.

[20] Предлогот за воведување на механизми за суспензија во моментот е во процедура во Европскиот парламент.
[21] http://www.aktiv.org.mk/en/resources/sodrzini-aktiv/144-romite-ja-plakjaat-cenata-na-viznata-liberalizacija

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| МИА | Македонска информативна агенција |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МТВ | Македонска телевизија |
| НОА | Национална ослободителна армија |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| РИА | Проценка на влијанието на регулативата |
| ССА | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешно-македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |

**Издавач:**
Институт за европска политика – ЕПИ, Скопје
Ул. „Даме Груев“ бр. 28/V
1000 Скопје
П.Ф. 11, 1001 Скопје
Република Македонија
contact@epi.org.mk
www.epi.org.mk

**Уредник:**
Д-р Малинка Ристевска Јорданова
**Соработници:**
М-р Александар Јованоски, М-р Билјана Стојаноска

Активностите на ЕПИ ги поддржува Тинк-тенк фондот на Фондациите отворено општество

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS